**20232614533**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 35 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.282/22 и 207/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 6 декември 2023 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, ОПРЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ДОМОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА ЗА 2023 ГОДИНА

I. Во Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.27/23), во дел I став 2, во воведната реченица износот „33.660.000“ се заменува со износот „9.247.500“.

Алинејата 1 се менува и гласи:

„- реконструкција со пренамена на детска градинка во центар за дневен престој за деца со пречки во развој во Општина Македонски Брод.“

По алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

„- изведување на градежни работи, измени во тек на градба за адаптација со пренамена на јужно крило на Здравствен дом „Нада Михајлова“-Пробиштип, во дом за стари лица во Општина Пробиштип.“

Во дел II алинејата 1 се менува и гласи:

„- изведување на градежни работи за изградба на дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост во Општина Кавадарци.“

II. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-11757/5
6 декември 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.